**Друштвото за организирање електронски игри на среќа - Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје**, врз основа на Одлуката за потреба од распишување на Јавен повик за закуп на деловен простор од ден 11.06.2024 година, а за потребите на Друштвото, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК број 04/2024**

**за прибирање на понуди за закуп на деловен простор**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува Јавен повик за доставување на понуди за доделување на Договор за закуп на деловен простор на територија на Град Скопје.

Нова Државна Видео Лотарија - НОВО ВЛТ ДОО Скопје (НОВО ВЛТ) ги повикува заинтересираните домашни правни/физички лица (Понудувач) кои имаат во сопственост деловен простор и/или имаат право да издаваат во подзакуп деловен простор на трети лица, истите да достават понуди по објавениот јавен повик.

Понудувачот се обврзува доставената понуда да вклучува цена за закуп  на деловниот простор со вклучени режиски трошоци (оддржување на деловниот простор, електрична енергија, вода, комуналии, физичко обезбедување, вклучително и сите други неспоменати трошоци кои би можеле да се јават како тековни режиски трошоци )

Друштвото НОВО ВЛТ е одговорно за изборот на најповолен Понудувач и Друштвото НОВО ВЛТ е директна договорна страна во Договорот за закуп на деловен простор кој ќе биде потпишан.

## II. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР

На јавниот повик право да учествува има секое заинтересирано домашно правно/физичко лице – Понудувач, кое има право на  сопственост на деловен простор, односно право на располагање сопственост или право на користење и/или давање на деловниот простор во подзакуп.

За да учествува во постапката за избор на деловен соработник за доделување на договорот, неопходно е Понудувачот да исполнува општи, посебни и технички услови.

Понудувачот мора, без исклучок, да ги исполнува сите услови.

Доколку Понудувачот не исполнува било кој од наведените услови во овој повик, неговата понуда ќе биде отфрлена.

## II.1. ОПШТИ УСЛОВИ

**Документи за докажување на лична состојба се следните:**

- Понудувачот треба да достави документ од кои недвосмислено ќе се утврди дека има право на сопственост односно право на располагање сопственост или право на користење и/или давање на деловниот простор во подзакуп.

- Изјава на Понудувачот дека не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

- Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација, издадена од надлежен орган;

- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, издадена од надлежен орган;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на одговорните лица во правните лица (Понудувач) дека не му е изречена споредна казна, привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

-Скици/проект/слики на понудениот деловен простор.

Сите горецитирани документи не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци, а истите да се достават во оригинал или копија заверена на нотар.

Друштвото НОВО ВЛТ го задржува правото да побара дополнителни информации и/или документи директно од Понудувачот и/или од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

## II.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

**Посебни услови кои деловниот простор треба да ги исполнува се следните: деловниот простор:**

- Да се наоѓа на територија на град Скопје;
- Да се наоѓа на пристапна локација со добро сообраќајно решение за лесен и брз влез и излез;

- Да е со површина од 250м$^2$ до 370м$^2$ деловен простор, 400м$^2$ до 500м$^2$ површина за магацински простор и паркинг простор за најмалку 10 (десет) патнички моторни возила;
- Деловниот објект (административен дел) и магацинскиот простор да претставуваат функционална целина;
- Деловниот објект треба да биде со тврда градба и да има најмалку 2 (два) влеза, додека магацинскиот простор да има најмалку 1 (еден) надворешен влез;
- Да има директен и непречен пристап со возила за утовар и истовар;
- Да има инсталирано агрегат за електрична енергија;
- Да има функционална водоводна мрежа и санитарен јазол со сите услови;
- Стабилна и функционална електрична мрежа, заштитно заземјување и громобранска инсталација, согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија ;
- Да има функционален приклучок за интернет, преку оптички кабел;
- Да е вселив не подолго од 15 дена од денот на известување за избор на понудувач;
- Деловниот простор да биде комплетно уреден и функционален за секојдневно административно работење.

## II.3 ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

**Клучни технички услови кои деловниот простор треба да ги исполнува се следните:**

Деловниот простор да има одвоени простории за:

- Канцеларии со површина од 80м$^2$ до 100м$^2$, броја 1;
- Канцеларии со површина од 10м$^2$ до 20м$^2$, броја 2;
- Канцеларии со површина од 25м$^2$ до 35м$^2$, броја 2;
- Архива со површина од 5м$^2$ до 15м$^2$;
- Чајна кујна со површина од 5м$^2$ до 15м$^2$;
- Сервер соба со површина од 10м$^2$ до 20м$^2$;
- Влезен хол и ходници со површина од 80м$^2$ до 110м$^2$ ;
- Санитарен јазол со по две кабини во машки/женски дел.

Сите деловни простории да бидат комплетно опремени со мебел и канцелариски бироа со компјутерска опрема соодветна за административно работење (компјутер, монитор, принтер и друго).

Сервер собата треба да биде климатизирана, заштитена од пожар, влага и штетници.

Сите деловни простории да се на едно висинско ниво. Сите канцеларии да имаат дневна светлина и природна вентилација.

Деловниот простор да е опремен со мрежна инфраструктура за интернет комуникација.

Деловниот простор да е опремен со соодветен систем за греење и ладење.

Деловниот простор да е опремен со опрема за видео надзор.

Деловниот простор да има воспоставено систем за заштита од пожар.

Деловниот простор да има магацински простор со површина од 400м$^2$ до 500м$^2$, кој што е во состав на деловниот објект.

Во истиот да има вградено функционален систем на вентилација, и да биде заштитен од пожар, влага и штетници.

Деловниот објект да има на располагање паркинг простор за најмалку 10 (десет) патнички моторни возила

## III. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ

Избраниот Понудувач е должен да го предаде објектот во непречено владение на НОВО ВЛТ на денот на потпишување на Договорот;

Доколку по склучување на Договорот за закуп се појават евентуални правни недостатоци кои би му го попречиле, отежнале правото на редовно користење на деловниот простор, ,избраниот Понудувач е должен и се обврзува да се јави во одбрана на Друштвото НОВО ВЛТ и да ги отстрани сите евентуални правни недостатоци и да му обезбеди соодветна правна заштита.

Избраниот Понудувач се обврзува дека доколку по склучување на Договорот за закуп на деловен простор дојде до промена на правото на сопственост на предметниот деловен простор, ваквата промена нема да има никакво влијание на Договорот за закуп, така што новиот сопственик ќе стапи на местото на Избраниот понудувач со сите права и обврски по Договорот;

Избраниот понудувач се обврзува дека до денот на потпишување на Договорот за закуп на деловен простор ќе ги регулира сите даночни обврски во врска со деловниот простор предмет на закуп се обврзува да ги  исплати сите административни трошоци и давачки во врска со склучувањето Договорот за закуп на деловен простор, и се обврзува дека ќе ги исплати сите режиски тековни трошоци (електрична енергија, вода, комуналии и слично) кои се сторени заклучно до денот на предавање на деловниот објект во непречено владеење на Друптвото НОВО ВЛТ.

Избраниот Понудувач, е должен и се обврзува да го предаде деловниот објект во непречено владение на Друштвото НОВО ВЛТ во онаа состојба во која му бил предочен;

Избраниот Понудувач има обврска дополнително да ја набави потребната канцелариска опрема, неопходна за секојдневно и нормално функционирање на Друштвото НОВО ВЛТ да набави (пр.биро, столови компјутери и останата компјутерска опрема) за идни вработувања кои би можеле да се реализираат за потребите на Друштвото НОВО ВЛТ.

Избраниот Понудувач се обврзува да обезбеди физичко обезбедување на деловниот простор за времетраење од 24 часа во текот на секој ден.

## IV. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Закупнината ќе се исплаќа месечно, и тоа е вирмански, во рок од 15 (петнаесет) дена во тековниот месец, по доставување на фактура.

По извршената уплата на месечната закупнина од страна на Друштвото НОВО ВЛТ се смета дека се исплатени сите трошоци за тековниот месец и Избраниот понудувач не може да бара дополнителен надомест.

## V. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

Понудата за доделување на договор за закуп на деловен простор да биде во писмена форма, во 1 (еден) оригинален примерок, доставен лично во архивата на Нова Државна Видео Лотарија - НОВО ВЛТ ДОО Скопје.

Адресата за доставување на понудите е следна: Нова Државна Видео Лотарија - НОВО ВЛТ ДОО Скопје, ул. 50та Дивизија бр. 24 А Скопје.

Постапката за склучувањето на Договор ја спроведува Комисија за склучување на договори за деловна соработка формирана од страна на Друштвото НОВО ВЛТ

Понудата треба да биде доставена во затворен коверт кој не е означен со било каква ознака на која може да се идентификува испраќачот - Понудувачот, со назнака “НЕ ОТВАРАЈ За јавен повик 04/2024 за потреба од закуп деловен простор”.

Понудата се доставува во 1 (еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на Понудувачот.

Пристигнатите понуди се отвораат без присуство на Понудувачите.

Комисијата, пред да пристапи кон разгледување и оценување на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата.

При оценување на понудите, Комисијата ја проверува нивната содржина, исправност, соодветност и прифатливост.

Понудувачите кои поднеле нецелосна и невалидна документација, се исклучуваат од постапката и нивните понуди нема да бидат предмет на разгледување.

Неисправните, несоодветни и неприфатливи понуди, Комисијата ќе ги одбие и за истото ќе ги извести Понудувачите. За текот на состанокот се води Записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Комисијата задолжително ќе изврши увид во понудениот деловен простор кој ги исполнува условите од овој повик, а  по претходна најава.

По завршување на постапката за избор, со најповолниот Понудувач ќе биде склучен Договор за закуп  на деловен простор, согласно позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

Крајниот датум за доставување на понудите е 28.06.2024 година до 16:00 часот.

## VI. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Критериум за избор на најприфатлива понуда за закуп на деловен простор е понудениот најнизок износ по м2 (поединечно за деловен простор и магацински простор) и вкупен паушал за режиски трошоци (оддржување на деловниот простор, електрична енергија, вода, комуналии, физичко обезбедување и се друго што би можело да произлезе како дополнителен месечен надоместок) на дело за месечна закупнина по исполнување на посебните и техничките услови.

Доколку двајца или повеќе Понудувачи достават иста понуда, а воедно ги исполнуваат условите за учество во јавниот повик во целост, предност ќе има Понудувачот кој прв ја доставил понудата.

Против Одлуката, незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на известувањето за изборот.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела предметната постапка,  до Собирот на содружници на Друштвото НОВО ВЛТ.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

За регулирање на закуподавниот однос помеѓу Друштвото НОВО ВЛТ и избраниот Понудувач се склучува Договор за закуп на деловен простор за период од 10 (десет) години, кој ќе биде заверен пред надлежен нотар, а со можност за негово продолжување

Договорот за закуп на деловен простор се продолжува автоматски доколку една од Договорните страни не достави еднострана изјава за раскинување, најдоцна 3 (три) месеци пред истекот на перидот за кој што е склучен.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Друштвото НОВО ВЛТ го задржува правото да:

- Ја прекине иницираната постапка или да ги измени почетните услови;
- Побара дополнителни појаснувања и/или дополнувања на понудите;

- Потпише Договор за деловна соработка со следниот рангиран Понудувач доколку од која било причина не се потпише Договор со прворангираниот, а во рок од 30 (триесет) дена од денот на одлуката за избор на Понудувач;Не избере ниту една од пристигнатите понуди без да ја образложува таквата одлука.

## IX. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За добивање на дополнителни информации, заинтересираните лица можат да се обратат до Друштвото НОВО ВЛТ, на е-маил адресата: office@novovlt.mk или на телефонскиот број за контакт: 070 384 135.

Друштвото НОВО ВЛТ ќе ги достави дополнителните информации до заинтересираните лица најдоцна 3 (три) работни дена од денот сметано од денот на добивање на барањето за дополнителни информации.

Комисија за спроведување
на постапката за изнајмување на
деловен простор